Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2013 ГОДИНА

Скопје, декември 2012 година

Годишна програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2013 година

Во Годишната програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се содржани основните активности кои во текот на 2013 година треба да ги изврши Агенцијата, согласно член 47 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Поконкретно Агенцијата ќе ги извршува следните работи:

## I. ***Правна рамка***

### Активности поврзани со подзаконски акти од областа на капитално финансирано пензиско осигурување

Агенцијата ќе започне со изготвување нови подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансираното пензиско осигурување.
Рок: прва половина на 2013 година.

Агенцијата ќе изготви нови и ќе работи на измени и дополнувања на постојните подзаконски акти кои се поврзани со воведувањето на супервизја заснована на оценка на ризик и со институционалната независност на Агенцијата.
Рок: во текот на 2013 година.

### Издавање на дозволи за основање на нови пензиски друштва

Во 2013 година, доколку постојат заинтересирани лица, Агенцијата ќе спроведе постапка за издавање дозволи за основање на нови пензиски друштва и одобренија за управување на задолжителни и/или доброволни пензиски фондови.
Рок: во текот на 2013 година.

## II. ***Супервизија на пензиските друштва***

Агенцијата ќе продолжи да ја извршува својата функција преку комбинација на вонтеренска и теренска контрола.

## Вонтеренска контрола

Агенцијата преку системот на автоматска вонтеренска супервизија дава акцент на проактивната контрола и предвремено спречување на појавување на проблеми, во однос на преземањето на корективни активности по идентификација на грешките и проблемите. Вонтеренската контрола вклучува:

- Контрола на материјалите за маркетинг и маркетинг активностите на пензиските друштва
- Контрола на агенти на пензиските друштва
- Контрола на зачленувањето во пензиски фондови
- Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во задолжителните пензиските фондови
- Контрола на надоместоците што ги наплатуваат пензиските друштва и чуварите на имот
- Контрола на инвестициските активности на пензиските друштва со средствата на пензиските фондови
- Контрола на проценката на средствата на пензиските фондови.
- Контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и пензиските друштва
- Контрола на премин меѓу пензиските фондови
- Контрола на исплатата на пензии и пензиски надоместоци од пензиските фондови
- Контрола на трансакциите со хартии од вредност на лицата со пристап до доверливи информации во пензиските друштва и чуварите на имот
- Контрола на редовните известувања до Агенцијата
- Контрола на износот на главнината, сопствените средства и износот и ликвидните средства на пензиските друштва

## Теренска контрола

Теренската супервизија се спроведува непосредно во работните простории на пензиското друштво и чуварот на имот и посредно во просториите на Агенцијата, преку документи доставени од друштвото и чуварот на имот и интервјуа со менаџерскиот тим и вработените во пензиското друштво и чуварот на имот.

При редовната годишна целосна контрола на друштвата и пензиските фондови со кои управуваат (институционална и финансиска контрола) ќе се опфати периодот на работење од 01.01.2012 година до датумот на контрола, а предмет на контролата ќе бидат следниве области:

1) Капитал и профитабилност на друштвото;

2) Средства и инвестиции на друштвото;

3) Усогласеност со законските прописи и интерните акти на друштвото;

4) Работата на Надзорниот и Управниот одбор;

5) Услугите кон членовите на пензискиот фонд;

6) Договори со надворешни соработници и даватели на услуги;

7) Системите за спречување на перење пари;

8) Инвестициските активности на друштвото со средствата на пензиските фондови;

9) Сметководствената евиденција и финансиските извештаи на пензиските фондови;

10) Евиденција на промени и состојба на индивидуалните сметки на членовите на пензиските фондови;

11) Оценка на системот на интерни контроли и интерна ревизија;

12) Спречување на злоупотреба на информации добиени како резултат на службена положба.

Рок: прва половина на 2013 година

Во текот на теренската контрола на работењето на пензиските друштва, ќе се спроведе и теренска контрола на работењето на банките чувари на имот на пензиските фондови. Предмет на контрола ќе биде следниот:

1) Усогласеност со законските прописи и интерните акти на банката;
2) Посреднички активности на банката-чувар на имот со средствата на пензиските фондови (порамнување на трансакции);
3) Чување и евиденција на средствата не пензиските фондови;
4) Контролни активности на банката чувар на имот во врска со инвестиционите активности на пензиските друштва со средствата на пензиските фондови;
5) Почитување на обврските кои произлегуваат од договорот за чувар на имот;
6) Оценка на системот на интерни контроли и интерна ревизија;
7) Соработка и надзор на суб-чуварот на имот.

Рок: прва половина на 2013 година

Покрај редовната годишна целосна контрола на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови со кои управуваат; во рамките на институционалната контрола ќе се спроведе една редовна контрола на работењето на пензиските друштва во делот на маркетинг активностите – во просториите кои се користат за вршење на маркетинг активности.

Рок: второ тромесечје 2013 година

## *III. Деловни процеси и ИТ опременост*

1) Натамошен развој на деловните процеси на Агенцијата поврзани со функционирањето на вториот и третиот столб (ажурирање и унапредување)
   - Следење и ажурирање на деловните процеси кои се дел од вонтеренската супервизија на пензиските друштва
   - Унапредување на процесите со оглед на проблемите согледани во пракса или на барање на инволвираните институции
   - Анализа и прилагодување на постојните деловни процеси согласно измените за законите и подзаконските акти
   - Идентификација на нови деловни процеси и документирање на сите деловните процеси на Агенцијата произлезени од ИПА проектот

Рок: во текот на цела 2013 година

2) Одржување на постојни софтверски решенија за деловните процеси поврзани со вториот столб и третиот столб во соработка со софтверска куќа и развој на нови софтверски решенија врз основа на деловните процеси кои ќе произлезат од ИПА проектот и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

Рок: во текот на цела 2013 година

## *IV. Активности поврзани со членство*

### Активности поврзани со постапување по жалби и поплаки

Агенцијата ќе продолжи со постапување по жалби; поплаки и други поднесоци со цел заштита на интересите на сегашните и идните членови на пензиските фондови. Во рамките на Правниот сектор; Агенцијата постапува по поплаки од: осигуреници; членови на задолжителни или доброволни пензиски фондови; агенти; пензиски друштва и други лица кои сметаат дека се повредени нивните права од капитално финансирано пензиско осигурување. Правниот сектор постапувајќи по жалби; поплаки и други поднесоци предлага преземање конкретни активности и мерки. Во Правниот сектор се водат постапки за остварување на правата на членовите на пензиските фондови и воопшто за повреда на правата и интересите на осигурениците и членовите на задолжителните или доброволните пензиски фондови.

Рок: во текот на 2013 година.

Известување на распределени лица

Агенцијата ќе продолжи да ги известува; времено распределените осигуреници во задолжителните пензиски фондови; дека имаат законски рок од три месеци да склучат договор за членство со едно од двете друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.
Рок: во текот на 2013 година.

Премин на членови од еден во друг задолжителен пензиски фонд и од еден во друг доброволен пензиски фонд

Агенцијата ќе продолжи да ги презема соодветните активности во врска со преминот на членовите од еден во друг задолжителен пензиски фонд. Овие активности вклучуваат прием на времени договори за членство доставени од пензиските друштва; комуникација со членовите во врска со нивните права и обврски поврзани со преминот меѓу задолжителните пензиски фондови; како и соодветно ажурирање на регистарот на членови. Агенцијата ќе спроведува соодветни активности и во постапката за премин на член од еден во друг доброволен пензиски фонд.
Рок: во текот на 2013 година.

## V. ***Програма и организирање на испит за стекнување својство агент***

Ажурирање на програмата за полагање испит за стекнување својство агент согласно измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти.
Рок: во текот на 2013 година.

## VI. ***Организирање на испит за стекнување својство агент***

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; Агенцијата го спроведува испитот за стекнување својство агент четири пати годишно и врши регистрација на агенти во Регистарот на агенти. Испитните сесии се организираат под услов да постои интерес од страна на пензиските друштва за пријавување на кандидати за стекнување својство агент. Испитот се полага на целата материја од обласа на капитално финансирано пензиско осигурување.
Рок: во текот на 2013 година.

## VII. *Статистичка анализа и изготвување извештаи*

### *Статистички анализи*

Статистичка анализа на капитално финансираното пензиско осигурување односно функционирањето на пензиските друштва и задолжителните и доброволните пензиски фондови врз основа на статистичкото и аналитичкото известување што подразбира:

- Изготвување и објавување на месечни билтени
- Квартални статистички извештаи и
- Годишен статистички извештај

Рок: тековно во 2013 година

### *Изготвување на извештаи и анализи*

1) Изработка на Извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување за 2012 година

Рок: второ тромесечје 2013година

2) Спроведување истражувања и изработка на компаративни анализи и извештаи за теми релевантни за капитално финансираното пензиско осигурување.

Рок: тековно во 2013 година

3) Изработка на Извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2012 година

Рок: прво тромесечје 2013 година

## VIII. *Соработка со институции во земјата*

Продолжување и унапредување на соработката со институциите од земјата со кои Агенцијата има потпишано договори за соработка со цел да обезбеди ефикасна супервизија.

Рок: во тек на 2013година

## IX. *Соработка со институции од странство*

1) Продолжување и унапредување на соработката со институциите од земјата со кои Агенцијата има потпишано договори за соработка со цел да обезбеди ефикасна супервизија.

Рок: во тек на 2013 година

2) Учество на средбите и конференциите организирани од ИОПС (Меѓународна организација на пензиски супервизори) каде Агенцијата има асоцијативно членство од 2007 година.

Рок: во тек на 2013година

## X. <u>Екипираност и обука</u>

1) Агенцијата ќе го зајакне својот капацитет во актуарската област така што раководителот од одделението за следење на пензискиот систем ќе ја посетува обука и ќе полага испити за добивање дозвола за работа како овластен актуар; во организација на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

2) Вработените во Агенцијата ќе продолжат со стручни обуки од областа на ИТ, супервизија на пензиските фондови, пазарите на капитал, регулативата, ИСО стандардите итн.

Рок: во тек на 2013година.

## XI. <u>Едукација на јавноста</u>

Согласно законските обврски на Агенцијата; во 2013 година ќе ја продолжи комуникацијата со јавноста со цел нејзина континуирана едукација од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување.

Активности: интервјуа; изјави и соопштенија за јавноста во пишани и електронски медиуми и редовно ажурирање на веб страната на Агенцијата.

Рок: во тек на 2013 година

## XII. <u>Јавни набавки и изготвување на финансиски план</u>

За потребите на Агенцијата; Правниот сектор ќе спроведе јавни набавки врз основа на претходно усвоен План за јавни набавки; во согласност со Законот за јавни набавки.

Рок: во текот на 2013 година.

Подготовка на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2014 година; со Предлог Годишна програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2014 година.

Рок: четврто тромесечје 2013 година

## *XIII. Учество во анализите за воведување на мулти-фондови во капитално финансирано пензиско осигурување*

Агенцијата ќе продолжи и во 2013 активно да учествува во соработка со Министерството за труд и социјална политика и со техничка помош од странски консултанти во воведување на мулти-фондови во капитално финансирано пензиско осигурување.
Рок: во тек на 2013 година

*****

Годишната програма на Агенцијата за 2013 година ќе се реализира во рамките на утврдениот финансиски план на Агенцијата за истата година.

Потпретседател на Управниот одбор
Хаки Фазлиу